## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5653 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време новинарски прилози, емитувани во Пладневниот радио весник и во неделното централно информативно издание од 14 часот, што се однесуваат на внатрешно-политички и на општествени теми методолошки изделени како релевантни за анализа, во десетдневниот период од 1 до 10 ноември изнесува – 3 часа 51 минута и 26 секунди.

Забележливо е отсуство на јасен уредувачки пристап што тематски би ги обединил зачестените партиски предизборни настапи и барем би ги групирал, би ги одделил од другите внатрешно-политички, актуелни општествени теми. Така, некои извештаи за чисто партиски настани стојат изолирани, сами за себе, без контекст, меѓу тематски несоодветни општествени теми, или се раштркани низ содржински разнородната целина на радио-весникот. Во изданијата на централната пладневна информативна емисија од 3 до 5 ноември, тој недостаток на уредувачки удел во содржините станува дури и технички забележлив: По ист повод – за сообраќајните прекршоци предизвикани од Диме Спасов, дополнителниот - заменик министер за труд и социјална политика, последователно се емитувани неколку прилога – со извадоци (тонски цитати) од интервју на Спасов за ТВ Нова, и извештаи од прес-конференции на ВМРО ДПМНЕ, но претходно - воопшто не е презентиран мотивот, основната содржина за тие партиски реакции, имено - официјалната прес-конференција на Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи, на која беа најавени прекршочни пријави против Спасов. Оттаму, поради забележителен недостиг на логичен континуитет во емитуваните содржини – што е впрочем главен дел од уредувачката политика, произлегува недореченост во Пладневниот радио-весник емитуван на 3 ноември од 15:30 часот – споменатите прилози за партиските прес-конференции на ВМРО ДПМНЕ за одбрана на Спасов по сообраќајните прекршоци, всушност не реферираа на ништо. Но, можно е сето ова да се должи или на ненамерен превид (од технички/кадровски причини) или на разлики во агендите на дневните новинарски активности со активностите на државните органи, на што всушност наведува фактот дека - уредувачкиот недостаток на логичен континуитет во редоследот на тие содржини е надминат на 3 ноември во актуелно-информативната емисија „Прес 19" (19:00 часот), каде најнапред е емитуван извештај од прес-конференцијата на МВР, па консеквентните, директни партиски реакции на ВМРО ДПМНЕ.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:45:32 | 19,67 | % |
| Судство | 00:04:45 | 2,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:36 | 0,69 | % |
| СДСМ | 00:16:15 | 7,02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:16 | 7,90 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:35 | 2,42 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:36 | 5,88 | % |
| АРМ | 00:02:06 | 0,90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:14 | 12,20 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:12 | 1,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:37 | 2,86 | % |
| Други субјекти | 00:41:31 | 17,94 | % |
| Без субјекти | 00:02:54 | 1,25 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:02 | 1,31 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:57 | 0,41 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:57 | 0,41 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:57 | 0,41 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:34 | 0,68 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:02:36 | 1,12 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:15 | 6,59 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:13 | 0,96 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:17 | 0,13 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:17 | 0,13 | % |
| Левица | 00:00:42 | 0,30 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,23 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:40 | 0,28 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:01:02 | 0,45 | % |
| Шарена револуција | 00:00:28 | 0,20 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:32 | 0,66 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:52 | 0,80 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:19 | 0,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:48 | 0,78 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:24 | 0,18 | % |
| ОПЕР - Обединета партија за еманципација на Ромите | 00:00:24 | 0,18 | % |
| Либерална партија | 00:01:04 | 0,46 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:24 | 0,18 | % |
| | **Вкупно: 03:51:26** | **100** | **%** |

Низ десетте дена – од 1 до 10 ноември, најмногу информативно време во изданијата на Пладневниот радио весник е отстапено за активностите на министрите и на претставниците на органите на државната управа, било во функција на државната меѓународна политика било за ангажманот во различни области од внатрешно-политичкото и од општественото секојдневие. Во овој политички делокруг најмногу внимание им се посвети на куси, но чести извештаи за активностите на министерствата за култура, за здравство и за образование. Забележителна минутажа, реализирана преку вести во низа и извештаи, имаа: домашните политички реакции по изборот на Трамп за претседател на САД, и по Извештајот на ЕК за демократските процеси во Република Македонија; учеството на премиерот Димитриев, на министерот за надворешни работи Попоски, и на вице-премиерот Пешевски на економскиот самит „Кина и 16 држави"; организацијата и учеството на Министерството за култура и на Претседателот на Република Македонија на меѓународната „Конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог"; заложбите и зафатите на Министерството за кутура во обнова на религиски објекти, како и неговата преписка со ЗАМП во однос на забраната за емитување македонска музика; средбите на Зоран Јолевски, министерот за одбрана, со Фредерик Бен Хоџис, генерал-потполковник на копнените сили на САД во Европа; пристигнувањето нов контингент чешки полицајци распоредени долж границата на Македонија и на Србија, за заедничка реакција на бегалската криза, а во овој контекст беа ставени и средбите на Арбр Адеми, вице-премиерот за европски прашања, со ЕУ-пратеникот Алојз Петерле; извештајот на државниот ревизор за буџетските трошоци во Министерството за образование; работните посети на Никола Тодоров, министерот за здравство, било на некоја од државните клиники било на некој државен здравствен дом; тековната работа на МВР во прилог на организација фер и демократски изборен процес, и неговата соработка со граѓански организации; најавата на Министерството за образование и на Бирото за развој на образованието дека од учебната 2017/2018 година ќе започне Кембриџ-програмата по математика и природни науки за средното образование.

Во врска со организациските работи околу изборниот процес, известувано е за ангажманот на Државната изборна комисија (увид во избирачкиот список/гласање на дијаспората/пријавување на спорните гласачи), и за меѓународната набљудувачка мисија на ОБСЕ-ОДИХР.

Погледнато споредбено во однос на информативниот обем за сите погоре споменати теми, актуелни настани и случувања од општествените и од меѓународните процеси во кои се вклучени различни инстанци на македонската политика и на организираното граѓанско делување - информациите за поединечните партиски активности се значително покуси, но редовно проследени, и тоа преку вести, изјави, извадоци од соопштенија и извештаи. Содржински, пак, прилозите најчесто се сведуваат на предизборниот ривалитет

помеѓу владејачката ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, што е впрочем видливо и од статистиката на извештајот, било на ниво на партиски ре-акции било на спротивставени активности на нивни претставници во рамките на државните институции (Министерство за внатрешни работи/Агенција за храна и ветеринарство/Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство/Министерство за труд и социјална политика). Од партискиот ангажман во предизборието, известувано е за поентите искажани на партиските конгреси и на други видови политички собири пред делови од гласачкото тело, потоа за потенцијалниот состав на пратеничките листи, за формирањето на коалициите – „ВМРО за Македонија" и „Коалицијата за промени и правда", како и за средбите на челници од одредени политички партии со ЕУ-пратеници заинтересирани за демократските стандарди при спроведувањето на изборниот процес. Доколку, пак, новинарските прилози содржински обликуваат некоја партиска активност што директно засега работа на одреден државен орган или на некое министерство, тогаш во прилозите редовно е презентиран и ставот на прозваниот за јавен став.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:07:53 | 9,71 | % |
| Влада на РМ | 00:20:26 | 25,16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:08 | 10,02 | % |
| АРМ | 00:00:37 | 0,76 | % |
| Други субјекти | 00:13:52 | 17,08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:58 | 9,81 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:37 | 4,45 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:38 | 5,71 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:24 | 0,49 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:20 | 0,41 | % |
| Судство | 00:00:46 | 0,94 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:09 | 6,34 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:26 | 0,53 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:20 | 0,41 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:26 | 0,53 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:00:38 | 0,78 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:04 | 1,31 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:24 | 0,49 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:45 | 0,92 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:51 | 1,05 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:35 | 0,72 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:25 | 0,51 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:25 | 0,51 | % |
| Либерална партија | 00:00:22 | 0,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:43 | 0,88 | % |
| | Вкупно: 01:21:12 | 100 | % |

Во десетдневниот период за мониторингот забележани се низа прилози за граѓански иницијативи, за еколошки и инфраструктурни зафати на локалната самоуправа во Скопје и низ други градови од државата, како и за меѓународна и владина соработка во повеќе општествени домени: континуиран новинарски интерес

за роковите договорени за гасењето на печките од комбинатот „Југохром"; Форумот за отворено владино-граѓанско партнерство; Конференцијата - „Денови на енергетската ефикасност", со најава за набавка електрични автобуси за Скопје; донацијата возила и опрема за гаснење пожари за повеќе единици на локалната самоуправа, реализирана преку Дирекцијата за заштита и спасување; меѓународната научна конференција за одбележување на 35-те години од основањето на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Од секојдневните случувања што не произлегуваат директно од партиски ангажман или од работата на државните институции, во Пладневниот радио весник беше известено за насилниот инцидент во ГОБ „8 Септември" и за реакцијата на Агенцијата за храна и ветеринарство по труењето на тројца малолетници со енергетски пијалок. Континуирано, главно преку извештаи, беа проследени тековни судски процеси произлезени од аферата „Прислушкување" – „Пуч"/„Трезор"/„Тортура"/„Тендери".

Во статистичката ставка „други субјекти" главно е акумулирано времето отстапено за експертите, за стопанските комори и за поединечните бизнис зафати, уредувачки групирано во посебен информативен дел за домашната економија. Бележити се прилозите за: проценките за растот на македонската економија, изнесени од Димитар Богов, гувернерот на Народната банка; описот на македонскиот деловен амбиент и можностите за водење приватен бизнис, дадени од Даниела Арсовска, претседателката на Сојузот на стопанските комори; успешното учеството на македонска студентска екипа на балканскиот натпревар на LABVIEW, одржан во Загреб; меѓународната експертска обука за млади од општините во североисточниот дел на Македонија за подобрување на енергетската ефикасност, спроведена од здружението на граѓани „Доверба", проект поддржан од Владата; финансиската кондиција на домашните осигурителни компании – тема во фокус на „1 Ноември - Денот на осигурувањето"; Конференцијата – „Државите и пазарот на капитал", организирана од Македонската берза и магазинот „Економија и бизнис"; сервисната помош за старт-ап компаниите, понудена од фондацијата „Претприемачки сервис за млади", во соработка со Стопанската комора на Македонија.

Од доменот на граѓанските иницијативи и креирање политики што придонесуваат за усовршување на демократските општествени процеси, опширни извештаи се емитувани за конференцијата под наслов – „Одвојување на државата од политичките партии", организирана од граѓанската асоцијација „Мост", новинарски проследена со (тонски) цитати од претставници на фондацијата „Фридрих Еберт", потоа од Дарко Алексов, претседателот на „МОСТ", и од уставната судијка Наташа Габер-Дамјановска. Во сличен контекст се: прилогот за учеството на македонски студенти од „Мајка Тереза", школата за јавни политики, на Светскиот форум за демократија одржан во Стразбур, организиран од Советот на Европа во партнерство со Владата на Франција, каде што главни теми биле - „Граѓанство, демократија и образование" и „Образованието ги намалува нееднаквостите: успех или неуспех"; прилогот за соработката меѓу Сојузот на стопанските комори и Националната агенција за европско-образовни програми и мобилност, кои пред македонските компании ги претставиле можностите на европската образовна програма „Еразмус плус 2014 -2020".

***Сектор за програмски работи***